**Известување за концентрација со која Арицома а.с. Чешка ќе стекне контрола над ЦЛАРИСТОНЕ с.р.о.Чешка**
**(предмет бр. 08-143/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со Арицома а.с. (Aricoma a.s.), со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10 Република Чешка има намера да стекне целосна контрола врз ЦЛАРИСТОНЕ с.р.о. (Clarystone s.r.o) со седиште на На Вјетројве 889/13, Лхотка, 142 00 Прага 4 , Република Чешка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Арицома а.с.. Тоа е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании – особено Арицома Системс а.с (Aricoma Systems a.s.) (порано со назив Autocont AEC a.s) и Сабрис Консалтинг с.р.о (Sabris Consulting s.r.o) и Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити а.с (Aricoma Eterprise Cybersecrity a.s). Арицома Системс а.с се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Сабрис Консалтинг се фокусира на САП експертиза, бизнис решенија и поврзани услуги. Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност. Арицома а.с. припаѓа на ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и

- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

ЦЛАРИСТОНЕ с.р.ое со приоритетна дејност во секторот за ИТ системски интегратор кој обезбедува решенија за пренос на податоци, глас и слики.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

29.10.2024 година
Скопје